ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-752/1
Прилеп 06.04.2022 год.

Врз основа на член 99 став 2 алинеа 8, алинеа 11 и алинеа 15 од Статутот на ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД Прилеп (во понатамошен текст Друштвото), а во врска со член 41 од Законот за заштита на личните податоци (Сл.Весник на РСМ бр.42/2020) Генералниот извршен директор на Тутунски Комбинат АД Прилеп на ден 06.04.2022 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За определување на Офицер за заштита на лични податоци**

**Член 1**
Се определува овластено лице за заштита на личните податоци на Тутунски Комбинат АД Прилеп (Офицер за заштита на личните податоци).

**Член 2**
За Офицер за заштита на личните податоци се определува лицето Маја Карески со м.бр.139599 вработена во Тутунски Комбинат АД Прилеп, распоредена на работно место "Правен референт-сениор" во Биро на Генерален директор.

**Член 3**
Офицерот за заштита на личните податоци ќе ги врши работите предвидени во член 43 од Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РСМ бр.42/2020).

**Член 4**
Контакт податоците на Офицерот за заштита на личните податоци ќе се објават на официјалната интернет страница на Тутунски Комбинат АД Прилеп и за неговото именување ќе се извести Агенцијата за заштита на личните податоци.

**Член 5**
Оваа Одлука стапува на сила и се применува од денот на нејзиното донесување.

**Член 6**
Со стапување на сила на оваа одлука престанува да важи решението за определување Офицер за заштита на лични податоци бр.0204-2615/1 од 19.09.2018 год.

**ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД Прилеп**
Генерален извршен директор
Кире Станкоски

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7

Доставено до:
Именуваната
Генерален извршен директор
Правен референт - супервизор
Служба за човечки ресурси
Архива